**Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности**
**НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост**

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје
во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike
RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup
në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 01-3615/1
09. 12. 2021 год. viti
Скопје-Shkup

**До**
**Влада на Република Северна Македонија**
**во својство на Собрание на акционери на НЕР АД Скопје**

Согласно Член 17, став 5, точка 8 од Статутот на НЕР АД Скопје, Одборот на директори е задолжен да изготви извештај за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје.

# ИЗВЕШТАЈ

за работата и материјално-финансиското работење на НЕР АД Скопје
за периодот од 01.07.2021 до 30.09.2021 година

## Извештај за работата на НЕР АД Скопје

НЕР АД Скопје согласно работните обврски и задачи кои произлегуваат од актите на Друштвото и од законските и подзаконските акти во Република Северна Македонија, како и од насоките добиени од Владата на Република Северна Македонија во својство на единствен акционер на Друштвото, НЕР АД Скопје во периодот од 01.07.2021 до 30.09.2021 година ги реализираше следните активности:

### Изградба на магистрален гасовод делница „Скопје-Тетово-Гостивар“

Во третиот квартал од 2021 година продолжи изградбата на магистрален гасовод делница Скопје – Тетово - Гостивар со ГМРС Тетово и ГМРС Гостивар. Изградбата на наведената делница согласно Договорот за изградба на Магистрален гасовод делница Скопје-Тетово-Гостивар бр. 05-89/74 склучен на 19.10.2016 година, ја изведува Група на понудувачи РАПИД БИЛД ДОО Куманово, ЕЛ-ТЕ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО, СПЕКТАРТЕРМО ДОО Скопје и КВАЛИТЕТ-ПРОМ ДООЕЛ Куманово, застапувано од РАПИД БИЛД ДОО Куманово како лидер на групата на понудувачи.

Надзор над изградбата на Магистрален гасовод делница Скопје – Тетово - Гостивар согласно Договорот за набавка на услуги за вршење надзор над изградбата на гасоводен систем на Република Македонија – Фаза 1 делница Неготино (Кавадарци) – Битола и Скопје-Тетово-Гостивар бр. 05-915/106 склучен на 18.10.2016 година, врши Група на понудувачи – ПРОСТОР ДОО Куманово, ГЕИНГ Кребс Унд

Кифер Интернешнл и др. ДОО Скопје и ДИВИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, застапувана од ПРОСТОР ДОО Куманово како лидер на групата на понудувачи.

Рокот за изградба на Магистрален гасовод делница делница Скопје – Тетово – Гостивар е продолжен до Јуни 2022 година, а согласно член 15 став 3, доколку дојде до прекин на работите поради нерешени имотно – правни односи, инвеститорот има право да го продолжи рокот за онолку денови колку што траел прекинот или да го раскине договорот во делот од предметот кој не може да се реализира поради нерешените имотно правни односи.

Во третиот квартал од 2021 година за изградба на делница Скопје – Тетово - Гостивар од гасоводниот систем во Република Македонија превземени се следните активности:

- Коресподенција поврзана со градбата на делница Скопје – Тетово -Гостивар, помеѓу НЕР АД Скопје (Инвеститор), Рапид Билд ДОО Куманово – Лидер на група понудувачи (Изведувач) и Простор ДОО Куманово (Надзор),
- Спроведување на постапка за вршење процена од страна на Биро за судски вештачења за вредноста на земјиштето, посевите, насадите, шуми и др.култури на катастарски парцели кои се наоѓаат на трасата на магистрален гасовод делница Скопје-Тетово-Гостивар.

Во врска со постапката за експропријација, во овој период постигнати се спогодби во вкупен износ од 3.650.973,00 денари, додека исплатени се во износ од 2.420.370,00 во кои се опфатени и спогодби од претходен период.

Табеларен приказ на степенот на реализација на експропријација за Лот 5:

| Делница | Пратени предлози за експропријација | Решени предмети за експропријација | Предмети во постапка | Број на предлози што треба да се поднесат до управата |
|---|---|---|---|---|
| **Делница 5: Скопје-Тетово-Гостивар** | 1364 | 1101 | 263 | Во овој момент точен број на предлози за експропријација кои треба да се поднесат не може да се определи поради измени на дел од трасата |

Во однос на изградбата на магистрален гасовод Делница Скопје-Тетово-Гостивар, во текот на третиот квартал од 2021 година извршени се следните активности: подготовка на работен појас и пристапни патишта, копање на ров и поставување на подлога, спуштање и положување на цевовод во ров, заварување, радиографско испитување на заварени споеви и друго. Согласно податоците за извршување на работата и финансиската реализиција на договорот, а согласно времените ситуации прикажани во следната табела, реализацијата во првиот квартал е **2,74 %,** а вкупната реализација на градбата од самиот почеток е околу **70,18 %.**

## Табела за реализација (согласно времени ситуации за третиот квартал 2021):

| Р. број | Опис | Вкупна вредност на извршени работи заклучно со јуни 2021 | Вредност на извршени работи во трет Квартал 2021 | Вкупна вредност на извршени работи заклучно со септември 2021 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 1 | ЛИНИСКИ - ГРАДЕЖНО СКОПЈЕ-ГОСТИВАР | 401.140.442,43 | 11.747.884,32 | 412.888.326,75 |
| 2 | ЛИНИСКИ - МАШИНСТВО СКОПЈЕ-ГОСТИВАР | 671.593.206,00 | 26.422.910,95 | 698.016.116,95 |
| 3 | КАТОДНА ЗАШТИТА | 5.761.503,56 | 396.147,65 | 6.143.104,81 |
| 4 | ЛИНИСКИ ОПТИКА | 7,175,370.81 | 963.280,30 | 8.138.651,11 |
| 5 | ПОЈДОВНА ЧИСТАЧКА СТАНИЦА СКОПЈЕ -ЕЛЕКТРО | | | |
| 6 | ПОЈДОВНА ЧИСТАЧКА СТАНИЦА СКОПЈЕ -МАШИНСТВО | 2.591.025,39 | | 2.591.025,39 |
| 7 | ГМРС ГОСТИВАР ГРАДЕЖЕН | | 653.082,72 | 653.082,72 |
| 8 | ГМРС ГОСТИВАР ЕЛЕКТРО | 173.894,68 | | 173.894,68 |
| 9 | ГМРС ГОСТИВАР МАШИНСТВО | 11.881.683,59 | | 11.881.683,59 |
| 10 | СТОЛБНА ТРАФОСТАНИЦА | | | |
| 11 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК БРЊАРЦИ | 13.136,64 | | 13.136,64 |
| 12 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ГЛУМОВО | 13.136,64 | | 13.136,64 |
| 13 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК АРНАКИЈА | 13.136,64 | | 13.136,64 |
| 14 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК МИЛЕТИНО | 13.136,64 | | 13.136,64 |
| 15 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ТЕТОВО 1 | 13.136,64 | | 13.136,64 |
| 16 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК БС ГОСТИВАР | 870.309,36 | | 870.309,36 |
| 17 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ГМРС ГОСТИВАР | 13.136,64 | | 13.136,64 |
| 18 | БС 15 ЕЛЕКТРО | | | |
| 19 | БС 16 ЕЛЕКТРО | | | |
| 20 | БС 17 ЕЛЕКТРО | | | |
| 21 | БС 18 ЕЛЕКТРО | | | |
| 22 | БС ГОСТИВАР ЕЛЕКТРО | | | |
| 23 | БС ТЕТОВО ЕЛЕКТРО | | | |
| 24 | ЛИНИСКИ - ГРАДЕЖНО ТЕТОВО | 37.255.451,99 | | 37.255.451,99 |
| 25 | ЛИНИСКИ - МАШИНСТВО ТЕТОВО | 46.493.116,05 | 623.760,32 | 47.116.876,37 |
| 26 | ГМРС ТЕТОВО ГРАДЕЖЕН | 1.850.408,78 | 679.287,08 | 2.529.695,86 |
| 27 | ГМРС ТЕТОВО ЕЛЕКТРО | 212.392,64 | 463.189,15 | 675.581,79 |
| 28 | ГМРС ТЕТОВО МАШИНСТВО | 14.878.827,78 | 6.957.339,13 | 21.836.166,91 |
| 29 | ЕЕ ПРИКЛУЧОК ТЕТОВО 2 | 43.077,77 | | 43.077,77 |
| 30 | БС ТЕТОВО2 ЕЛЕКТРО | | | |
| 31 | ПРОЕКТ НА ИЗВЕДЕНА СОСТОЈБА | | | |
| | ВКУПНО МКД (без ДДВ): | **1.201.859.190,98** | **48.906.881,61** | **1.250.891.865,90** |
| | Реализација во % | **67,43** | **2,74** | **70.18** |

**Изградба на магистрален гасовод делница „Неготино (Кавадарци) – Битола“**

Во третиот квартал од 2021 година продолжи изградбата на магистрален гасовод делница Неготино (Кавадарци) – Битола со ГМРС Прилеп, ГМРС Битола и ГМРС Фени. Изградбата на наведената делница согласно Договорот за изградба на Магистрален гасовод делница Неготино (Кавадарци) – Битола со ГМРС Прилеп, ГМРС Битола и ГМРС Фени бр.05-412/119 склучен на 21.10.2016 година, ја изведува Група на понудувачи ГРАНИТ АД - Скопје и РАПИД БИЛД ДОО Куманово, застапувано од ГРАНИТ АД - Скопје како лидер на групата на понудувачи.

Надзор над изградбата на Магистрален гасовод делница делница Неготино (Кавадарци) – Битола согласно Договорот за набавка на услуги за вршење надзор над изградбата на гасоводен систем на Република Македонија – Фаза 1 делница Неготино (Кавадарци) – Битола и Скопје-Тетово-Гостивар бр. 05-915/106 склучен на 18.10.2016 година, врши Група на понудувачи – ПРОСТОР ДОО Куманово, ГЕИНГ Кребс Унд Кифер Интернешнл и др. ДОО Скопје и ДИВИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, застапувана од ПРОСТОР ДОО Куманово како лидер на групата на понудувачи.

Рокот за изградба на Магистрален гасовод делница Неготино (Кавадарци) – Битола е продолжен до февруари 2022 година, а согласно член 15 став 3, доколку дојде до прекин на работите поради нерешени имотно – правни односи, инвеститорот има право да го продолжи рокот за онолку денови колку што траел прекинот или да го раскине договорот во делот од предметот кој не може да се реализира поради нерешените имотно правни односи.

Во врска со постапката за експропријација, во овој период постигнати се спогодби во вкупен износ од 411.052,00 денари, додека исплатени се во износ од 518.774,00 денари, во кои се опфатени и спогодби од претходен период.

Табеларен приказ на степенот на реализација на експропријација за Лот 2:

| Делница | Пратени предлози за експропријација | Решени предмети за експропријација | Предмети во постапка | Број на предлози што треба да се поднесат до управата |
|---|---|---|---|---|
| **Делница 2: Неготино (Кавадарци) - Битола** | 1632 | 1615 | 17 | Во овој момент точен број на предлози за експропријација кои треба да се поднесат не може да се определи поради измени на дел од трасата |

Во третиот квартал од 2021 година за изградба на делница Неготино (Кавадарци) – Битола од гасоводниот систем во Република Македонија НЕР АД Скопје и Гранит АД Скопје склучија Анекс бр.5 кон договорот заверен со арх.бр.на НЕР АД 05-353/3 на ден 08.07.2021 и арх.бр. на ГД ГРАНИТ АД 12-6173 на ден 12.07.2021. Со Анекс бр. 5 „Вредноста на стоките, услугите или работите од Договорот кои поради

непредвидени околности се нужни се зголемува за 32.217.807,00 (со зборови: триесет и два милиони двеста и седумнаесет илјада и осумсто и седум) денари без данок на додадена вредност.“.

Во однос на изградбата на магистрален гасовод Делница Неготино (Кавадарци) - Битола, во текот на третиот квартал од 2021 година е прикаќана табеларно, реализацијата во третиот квартал е 0,7 % а вкупната реализација на градбата од самиот почеток е околу 94,43 %.

**Табела за реализација (согласно времени ситуации за трет квартал 2021):**

| Р. број | Опис | Вкупна вредност на извршени работи заклучно со јуни 2021 | Вредност на извршени работи во трет Квартал 2021 | Вкупна вредност на извршени работи заклучно со септември 2021 |
|---|---|---|---|---|
| | | МКД | МКД | МКД |
| | | | | |
| 1 | Проектирање | 15.831.592,63 | | 15.831.592,63 |
| 2 | Опрема и материјали | 595.708.139,61 | | 595.708.139,61 |
| 3 | Изградба и испитување на линиски дел | 1.387.226.289,22 | | 1.387.226.289,22 |
| 4 | Изградба и испитување на Блок Станици, Приемно чистачка станица | | | |
| 5 | Изградба и испитување на Главно Мерно Регулациони Станици (ГМРС) | | | |
| | АНЕКС БР 5 | | 46.008.904,93 | 145.921.699,88 |
| | ВКУПНО МКД (без ДДВ): | **1.998.766.021,46** | **46.008.904,93** | **2.144.687.721,34** |
| | Реализација во % | **93,73** | **0,7** | **94,43** |

## Активности во врска со редовното работење

Во овој период исто така се извршуваат редовни работни обврски како што следат:

- Книжење и евиденција на сметководствените и други документи,
- Изработка и доставување на даночна пријава на данокот на додадена вредност до Управа за јавни приходи Скопје,
- Изработка и евиденција на барања за исплата на обврски кон крајни изведувачи за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија – фаза 1 – делница Штип - Неготино - Битола и делница Скопје - Тетово - Гостивар“ за 2021 год.,
- Изработка и исплата на плата и надоместоци од работен однос,
- Доставување на Образец М1- Месечен извештај за промените на состојбата на секое задолжување на носителите на јавниот долг до Министерство за финансии на Република Македонија - Сектор за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг,

- Изработка на Извештаи и Информации на Друштвото за Владата на Република Северна Македонија во својство на Собрание на акционери на НЕР АД Скопје,

- Пријавување и евидентирање на месечните обврски на Друштвото преку Електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските (ЕСПЕО) на Министерството за финансии, Сектор за буџети и фондови, согласно Законот за пријавување и евиденција на обврските,

- Доставување на табеларен образец за вкупните приходи и вкупните расходи содржани во кварталните финансиски извештаи на Друштвото за 2021 година, за потребите на Министерство за финансии - Сектор за буџети и фондови, со цел зголемување на отчетноста во работењето на јавните претпријатија и друштва кои вршат дејности од јавен интерес.

- Изготвување и спроведување на постапките за јавни набавки на НЕР АД Скопје согласно Годишниот план за јавни набавки за 2021 година. Врз основа на Планот за јавни набавки за 2021 година за реализирање на постапките за јавни набавки преземени се следните активности:

- Спроведување на детално истражување на пазарот. Истражувањата се спроведени преку интернет со пребарување на сајтови, преку прашалници и непосредна проверка на економски оператори,
- Изработка на тендерска документација,
- Објавување на огласи, отворање на понуди, евалуација на добиените понуди, избор на најповолен понудувач.

- Спроведување на судски парнични постапки во однос на тужби за надомест на штета и вонпарничните постапки за надоместок за експропријација пред основните судови во Неготино, Кавадарци, Битола, Прилеп и Тетово, а во врска со изградбата на магистрална Делница Блок станица 5-Неготино, магистрална Делница Неготино (Кавадарци) – Битола и магистрална Делница Скопје -Тетово - Гостивар.

- Спроведување на постапката за решавање на имотно-правни работи, особено постапката за експропријација, пред одделенијата за имотно-правни работи во Кавадарци, Тетово, Гостивар, Штип, дел од скопските општини и др., а во врска со изградбата на изградбата на магистрална Делница Блок станица 5-Неготино, гасоводната Делница Скопје-Тетово-Гостивар и гасоводната делница Неготино (Кавадарци)-Битола,

- Следење и анализа на закони и нивни измени и дополнувања од областа на работењето на Друштвото,

- Спроведување кадровото работење преку следење на законите од областа на работните односи и кадровото работење, изготвување на решенија за користење на денови од годишните одмори и слободни денови, водење на евиденција за искористени денови од годишен одмор и др.

- Архивирање на целокупната примена и пратена документација од НЕР АД Скопје, како и спроведување на истата до органите во Друштвото,

- Подготовка на материјали, организирање и спроведување на седниците на Одборот на директори,

- Превод на текстови, мејлови, дописи и останати материјали за потребите на друштвото,

- Изготвување на извештаи, барања, изјави, мислења, пресметки и други документи поврзани со работењето на Друштвото,

- Достава на податоци и информации, изработка на извештај и одговори на барања на Е-урбанизам,

- Координација на работните задачи и следење на роковите за нивно навремено извршување.

Изработка на документација по барања, мислења и друго од институциите во врска со работењето на НЕР АД Скопје, постапува по барањата од институции преку изработка и доставување на одговори и мислења по однос на истите, како и други активности кои произлегуваат од тековното работење на НЕР АД Скопје.

Во овој период НЕР АД Скопје зема учество на енергетскиот форум МЕФ-21, на панелот „Улогата на природниот гас во енергетската транзиција", со земјите од регионот, како и учество при потпишување на договорот за соработка со грчкиот оператор за пренос на гас ДЕСФА од Грција, организиран од страна на американско-грчката комора за трговија и од страна на грчката асоцијација за енергетска економија, одржан во месец септември 2021 година во Солун, Грција.

Активности во насока на спроведување на деловната политика на Друштвото во согласност со законските обврски, одлуките и заклучоците на Владата во својство на единствен акционер на Друштвото, одлуките, заклучоците и препораките на Одборот на директори.

Други активности кои произлегуваат од тековното работење на НЕР АД Скопје.

**Активности во врска со корпоративното работење на Одборот на директори**

Во периодот од 01.07.2021 г. до 30.09.2021 г. одржани се две седници на Одборот на директори на НЕР АД Скопје, односно 60-та и 61-ва Седница на Одбор на директори.

Во третиот квартал на 2021 година на седниците на Одборот на директори донесени се следните одлуки:

- **60-та Седница на Одбор на директори – одржана на 08.07.2021 година**
  - Одлука со која се прифаќа и се одобрува потпишување на Анекс бр.5 кон Договорот за Изградба на магистрален гасовод Делница Неготино (Кавадарци) - Битола со архивски број од НЕР АД Скопје бр.05-412/119 од 21.10.2016 година и архивски број од ГРАНИТ АД- Скопје бр.12-15133 од 21.10.2016 година, изменет и дополнет со Анекс бр.1, Анекс бр.2, Анекс бр.3 и Анекс бр.4.

- **61-ва Седница на Одбор на директори – одржана на 07.09.2021 година**
  - Одлука со која се прифаќа и се одобрува потпишување на Анекс бр.2 кон Договорот за изработка на Инфраструктурен проект, Студија за оценка на влијанието врз животната средина и Основен проект за Делница „Свети Николе-Велес" со наш арх.бр.05-76/12 од 09.03.2020 година, изменет со Анекс бр.1 со наш арх.бр.05-571/2 од 08.03.2021 година
  - Одлука за јавна набавка на услуги – Изработка на Инфраструктурен проект, Студија за оценка на влијанието врз животната средина и основен проект

за Делница 6 “Битола- Охрид”.

- Одлука за јавна набавка на услуги – Изработка на Инфраструктурен проект, Студија за оценка на влијанието врз животната средина и Основен проект за Делница 7 “Кичево- Охрид”.
- Одлука со која се одобрува склучување на Договорот за соработка меѓу НЕР АД Скопје и ДЕСФА С.А. за реализација на проектот за изградба на Интерконективен гасовод меѓу Република Северна Македонија и Република Грција.

## Извештај за материјално - финансиско работење на НЕР АД Скопје за период од 01.07.2021 година до 30.09.2021 година

### Приходи и расходи

- Остварени приходи

Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост во периодот од 01.07.2021 година до 30.09.2021 година нема остварено приходи од основната дејност, пренос на природен гас, прикажано во Табела 1.

Табела 1- Споредбена табела на приходи за период од 01.07.2021 година до 30.09.2021 година и период од 01.07.2020 година до 30.09.2020 година

| Конто | Опис | Остварени приходи | Остварени приходи |
|---|---|---|---|
| | | 01.07.2020 30.09.2020 | 01.07.2021 30.09.2021 |
| 769 | ОСТАНАТИ ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 0,00 | 7.136,00 |
| 774 | ПРИХОДИ ОД КАМАТИ ОД РАБОТА СО НЕПОВРЗ.ДРУШТВА | 141,00 | 0,00 |
| 779 | ОСТАНАТИ ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 0,00 | 2.751,00 |
| | **Вкупно** | **141,00** | **9.887,00** |

- Остварени расходи

Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост во периодот од 01.07.2021 година до 30.09.2021 година во однос на истиот период од претходната година ги оствари следниве трошоци евидентирани по синтетички конта, прикажано во Табела 2.

Табела 2 - Споредбена табела на трошоци за период од 01.07.2021 година до 30.09.2021 година и период од 01.07.2020 година до 30.09.2020 година

| Број на конто | Опис на конто | Остварени трошоци 01.07. - 30.09.2020 денари | Остварени трошоци 01.07. - 30.09.2021 денари |
|---|---|---|---|
| 401 | Т-ЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ | 4.530,00 | 24.588,00 |
| 403 | Т-ЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА | 47.890,00 | 129.040,00 |
| 405 | Т-ЦИ ЗА РЕЗ ДЕЛ. И МАТ. ЗА ОДРЖУВАЊЕ | 0,00 | 1.195,00 |
| 408 | Т-ЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР | 8.480,00 | 6.389,00 |
| 410 | ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ | 218,00 | 39.529,00 |
| 411 | ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ, ТЕЛЕФОНСКИ УСЛУГИ И ИНТЕРНЕТ | 45.714,00 | 48.565,00 |
| 413 | УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА | 34.332,00 | 32.270,00 |
| 414 | НАЕМ – ЛИЗИНГ | 450.000,00 | 450.000,00 |
| 415 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 20.380,00 | 30.404,00 |
| 419 | ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 29.173,00 | 15.853,00 |
| 421 | ПЛАТА И НАДОМ. НА ПЛАТА - БРУТО | 3.211.412,00 | 3.608.509,00 |
| 440 | ДНЕВНИЦИ ЗА СЛ. ПАТУВАЊА, НОЌЕВАЊА И ПАТНИ Т-ЦИ | 2.080,00 | 79.737,00 |
| 441 | НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ | 1.695,00 | 2.100,00 |
| 442 | Т-ЦИ ЗА НАДОМЕСТ И ДР. ПРИМАЊА НА ЧЛ. НА УО И НО | 84.444,00 | 63.333,00 |
| 444 | ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА (за во кујна) | 16.927,00 | 43.376,00 |
| 445 | ТРОШОЦИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 13.195,00 | 8.980,00 |
| 446 | БАНКАРСКИ УСЛУГИ И Т-ЦИ ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ | 15.470,00 | 215.205,00 |
| 449 | ОСТАНАТИ Т-ЦИ НА РАБОТЕЊЕТО | 233.614,00 | 433.443,00 |
| 469 | ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 8.260,00 | 0,00 |
| 474 | РАСХ.ВРЗ ОСН.НА КАМАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 153,00 | 0,00 |
| 479 | ОСТАНАТИ ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 42.090,00 | 0,00 |
| | **ВКУПНО** | **4.270.057,00** | **5.232.516,00** |

Во споредба на остварените трошоци од оперативно работење од третиот квартал во 2021 година со остварените трошоци во истиот период од претходната година, за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово – Гостивар“, во Друштвото се укажа потребата од зголемување на трошоците на одредени ставки, прикажани во Табела 2 - Споредбена табела на трошоци за период од 01.07.2021 година до 30.09.2021 година и период од 01.07.2020 година до 30.09.2020 година, и тоа на:

- Конто 401 – Трошоци за материјали

  Трошоци за материјали за администрација се остварени во вкупен износ од 24.588,00 денари, од кои за:

- Потрошен канцелариски материјал се остварени вкупно 7.815,00 денари;
- Потрошен материјал за чистење и одржување на деловните простории на Друштвото се остварени вкупно 16.773,00 денари.

Вкупно реализираните трошоци за потрошен канцелариски материјал и потрошен материјал за чистење и одржување на деловните простории на Друштвото во третиот квартал од 2021 година, во однос на истиот период од претходната година се зголемени, со зголемување на обемот на работа во Друштвото, разликите во периодите на набавка, како и да се земе во предвид дека во 2020 година вработените имаа рестрективен начин на работа согласно КОВИД мерките;

- Конто 403 – Трошоци за енергија

  Трошоци за електрична енергија и трошоци за гориво за моторни возила се остварени во вкупен износ од 129.040,00 денари, од кои за:
  - Електрична енергија се остварени вкупно 67.371,00 денари за месец 07/2021, месец 08/2021 и месец 09/2021, согласно Договор бр.03-1425/1 од 05.04.2018 година, Анекс бр.1 со наш арх.бр.03-657/1 од 31.01.2019 година, Анекс бр.2 со наш арх.бр.03-657/2 од 06.12.2019 година и Анекс бр.3 со наш арх.бр.03-3082/1 од 31.12.2020 година за закуп на недвижен имот - деловен простор склучен помеѓу НЕР АД Скопје и Здружение на возачите на град Скопје и
  - Гориво за службени моторни возила се остварени вкупно 61.669,00 денари, согласно Договор бр.05-1286/17 од 23.04.2021 година за јавна набавка на стоки – набавка на гориво за службени возила склучен помеѓу НЕР АД Скопје и ЛУКОИЛ Македонија ДООЕЛ Скопје.

Вкупно реализираните трошоци за енергија односно трошоци за електрична енергија и трошоци за гориво за моторни возила на Друштвото во третиот квартал од 2021 година, во споредба со истиот период од претходната година, се зголемени поради зголемување на обемот на работа во Друштвото посебно во однос на зголемена посета на трасите поради проблеми во текот на експропријацијата и градба, како и да се земе во предвид дека во 2020 година вработените имаа рестрективен начин на работа согласно КОВИД мерките;

- Конто 405 – Трошоци за резервни делови и материјали за одржување

  Трошоци за резервни делови и материјали за одржување се остварени во вкупен износ од 1.195,00 денари, од кои за:
  - Потрошни материјали и резервни делови за одржување на службени моторни возила се остварени вкупно 1.195,00 денари.

Вкупно реализираните трошоци за резервни делови и материјали за одржување на Друштвото во третиот квартал од 2021 година, во споредба со истиот период од претходната година е зголемен поради разликите во потреба за сервис и одржување;

- Конто 410 – Транспортни услуги

  Трошоци за транспортни услуги се остварени во вкупен износ од 39.529,00 денари, од кои за:
  - Транспортни услуги за такси превоз во земјата се остварени вкупно 1.498,00 денари;
  - Транспортни услуги во воздушниот сообраќај се остварени вкупно 38.031,00 денари.

Вкупно реализираните трошоци за транспортни услуги на Друштвото во третиот квартал од 2021 година, во споредба со истиот период од претходната година се зголемени поради службени патувања со авионски превоз во 2021 година;

- Конто 411 – Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет
  Трошоци за поштенски услуги, телефонски услуги - фиксна телефонија, телефонски услуги - мобилна телефонија и интернет услуги се остварени во вкупен износ од 48.565,00 денари, од кои за:
    - Поштенски услуги се остварени вкупно 3.381,00 денари;
    - Телефонски услуги–мобилна телефонија се остварени вкупно 40.149,00 денари;
    - Телефонски услуги–фиксна телефонија се остварени вкупно 1.348,00 денари;
    - Интернет услуги се остварени вкупно 3.687,00 денари.

Вкупно реализираните трошоци за поштенски услуги, телефонски услуги - фиксна телефонија, телефонски услуги - мобилна телефонија и интернет услуги на Друштвото во третиот квартал од 2021 година, во споредба со истиот период од претходната година минимално се зголемени;

- Конто 415 – Комунални услуги
  Трошоци за комунални услуги се остварени во вкупен износ од 30.404,00 денари, од кои за:
    - Потрошена вода за месец 07/2021, месец 08/2021 и месец 09/2021 се остварени вкупно 1.965,00 денари;
    - Комунална хигиена за месец 07/2021, месец 08/2021 и месец 09/2021 се остварени вкупно 4.935,00 денари;
    - Гаражирање и паркирање на службени патнички моторни возила за месец 07/2021, месец 08/2021 и месец 09/2021 се остварени вкупно 18.371,00 денари и
    - Трошоци за тековно одржување на лифт за месец 07/2021, месец 08/2021 и месец 09/2021 се остварени вкупно 5.133,00 денари.

Вкупно реализираните трошоци за комунални услуги на Друштвото во третиот квартал од 2021 година, во споредба со истиот период од претходната година се зголемени со оглед дека во 2020 година вработените имаа рестрективен начин на работа согласно КОВИД мерките, односно сменска работа и работа од дома;

- Конто 421 – Плата и надоместоци на плата – бруто плата
  Трошоци за плата и надоместоци од плата за вработените се остварени во вкупен бруто износ од 3.608.509,00 денари, за месец 07/2021, месец 08/2021 и месец 09/2021 за вкупно 24 вработени лица.

Вкупно реализираните трошоци за плата и надоместоци од плата за вработените во третиот квартал во 2021 година во однос на истиот период од претходната година се зголемени од причина што во претходната година во месец август, месец септември и месец октомври заклучно до 29.10.2020 година не се пресметуваше плата за Извршниот директор на НЕР АД Скопје бидејќи времетраењето на договорот истече, а со тоа се намали вкупниот износ на трошоците за плата и надоместоци од плата. Исто така зголемувањето на трошоците за плата и надоместоци од плата за вработените во третиот квартал од 2021 година се должи на тоа што во претходните два квартали на 2021 година, во Друштвото се изврши прераспределба на две

вработени лица на ново работно место кое според категоризација и вреднување на работните места се со повисок бод за пресметка на плата, согласно Правилник со арх.бр. 01-1392/1 од 18.09.2015 година за вреднување на работни места во Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост;

- Конто 440 – Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци
  Трошоци за службени патувања, ноќевања и патни трошоци се остварени во вкупен износ од 79.737,00 денари, од кои за:
  - Дневници за службен пат во земјата се остварени вкупно 9.071,00 денар, за вработени лица во НЕР АД Скопје, одговорни за тековно следење на текот на изградбата на Магистралниот гасовод по делници, кои вршат посета на траса долж ЛОТ1, ЛОТ2, и ЛОТ5, вршат увид и мерење на мерни места со инспекциско тело за електро работи, вршат увид на трасата - интерконекција со Грција со претставници од ЕБРД за животна средина;
  - Дневници за службен пат во странство се остварени вкупно 18.941,00 денари од кои за:
    - Службено патување на Извршниот директор на НЕР АД Скопје реализирано во месец јули/2021 година, кој присуствуваше на економскиот форум „Економист" – 25 на тема: „Од социјално дистанцирање до социјална солидарност", како член на делегацијата од РС Македонија, одржан во Атина, Грција, каде се потпиша и Меѓувладин договор со Грција кој ќе гарантира диверзификација и енергетска стабилност на нашата држава и на земјите од Западен Балкан во областа на природниот гас; за службено патување на Извршниот директор на НЕР АД Скопје во месец септември/2021 година, кој зема учество во рамките на енергетскиот форум МЕФ-21 и потпишување на договорот за соработка со грчкиот пренос на гас ДЕСФА, Грција, организиран од страна на американско-грчката комора за трговија и од страна на грчката асоцијација за енергетска економија, одржан во Солун, Грција и за службено патување на Извршниот директор на НЕР АД Скопје во месец септември/2021 година, кој зема учество на Третиот Министерски состанок на партнерство за трансатланска енергија и климатска промена (P-TECC) во организација на Министерството за енергија на САД и Министерството за клима и животна средина на Република Полска, одржан во Варшава, Полска, во вкупен износ од 14.245,00 денари по основ на исплатена дневница за службено патување во странство, реализирано во трет квартал од 2021 година;
    - Службено патување на Раководителот на сектор за економско-финансиски работи на НЕР АД Скопје во месец септември/2021 година, кој зема учество во рамките на енергетскиот форум МЕФ-21 заедно со Извршниот директор на НЕР АД Скопје, организиран од страна на американско-грчката комора за трговија и од страна на грчката асоцијација за енергетска економија, одржан во Солун, Грција, во вкупен износ од 1.878,00 денари по основ на исплатена

дневница за службено патување во странство, реализирано во трет квартал од 2021 година;

   - Службено патување на Шефот на кабинет на Извршен директор на НЕР АД Скопје во месец септември/2021 година, кој зема учество во рамките на енергетскиот форум МЕФ-21 заедно со Извршниот директор на НЕР АД Скопје, организиран од страна на американско-грчката комора за трговија и од страна на грчката асоцијација за енергетска економија, одржан во Солун, Грција, во вкупен износ од 1.878,00 денари по основ на исплатена дневница за службено патување во странство, реализирано во трет квартал од 2021 година;
   - Службено патување на вработен-доставувач и логистика на терен во НЕР АД Скопје, кој во месец септември/2021 година отпатува до аеродромот во Солун, Грција, со цел да го пречека Извршниот директор на НЕР АД Скопје од службеното патување во Атина, Грција и да го превезе до деловните простории на НЕР АД Скопје, во вкупен износ од 940,00 денари по основ на исплатена дневница за службено патување во странство, реализирано во трет квартал од 2021 година;

- Трошоци за ноќевање во странство се остварени вкупно 20.472,00 денари за:
   - Службено патување во Варшава, Полска на Извршниот директор на НЕР АД Скопје, реализирано во месец септември/2021 година, кој зема учество на Третиот Министерски состанок на партнерство за трансатланска енергија и климатска промена (P-TECC) во организација на Министерството за енергија на САД и Министерството за клима и животна средина на Република Полска;
- Трошоци за патарини за службени патувања во земјата се остварени вкупно 15.955,00 денари, со користење на службени возила на Друштвото, реализирани од страна на вработени лица - одговорни за тековно следење на текот на изградбата на Магистралниот гасовод по делници, кои вршат посета на траса долж ЛОТ1, ЛОТ2, и ЛОТ5, вршат увид и мерење на мерни места со инспекциско тело за електро работи, вршат увид на трасата - интерконекција со Грција со претставници од ЕБРД за животна средина, како и од страна на вработени лица - одговорни за застапувања на рочишта во постапки за експропријација во Управите за имотно-правни работи низ државата, за реализација на Проектот „Гасификација на Република Македонија - фаза 1 – делница Штип – Неготино – Битола и делница Скопје – Тетово – Гостивар;
- Трошоци за користење на сопствено возило за службено патување во земјата со вклучен персонален данок се остварени вкупно 15.298,00 денари, реализирани од страна на еден член од Одборот на директори на НЕР АД Скопје, за негово учество на Седници одржани во просториите на Друштвото.

Вкупно реализираните трошоци за дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци на Друштвото во третиот квартал од 2021 година, во споредба со истиот период од претходната година се зголемени, со зголемување на обемот на службени патувања во 2021 година;

- Конто 441 – Надоместоци на трошоци на вработените

  Остварени се надоместоци на трошоци на вработените во вкупен износ од 2.100,00 денари, односно трошоци за задолжителни лекарски прегледи (PCR тестови) за службено патување реализирано во месец септември/2021 година во Солун, Грција.

- Конто 444 – Трошоци за репрезентација

  Трошоци за репрезентација се остварени во вкупен износ од 43.376,00 денари, од кои за:

  - Репрезентација за во кујна согласно Одлука за јавна набавка на стоки-репрезентација за во кујна бр.02-2143/4 од 30.06.2021 година се остварени вкупно 20.083,00 денари и
  - Репрезентација во странство се остварени вкупно 23.293,00 денари, реализирано од страна на Извршниот директор на НЕР АД Скопје, Раководителот на сектор за економско-финансиски работи на НЕР АД Скопје и Шефот на кабинет на Извршен директор на НЕР АД Скопје, при службено патување во Солун, Грција, во месец септември/2021 година и репрезентација во странство реализирано од страна на Извршниот директор на НЕР АД Скопје при службено патување во Варшава, Полска, исто во месец септември/2021 година.

Вкупно реализираните трошоци за репрезентација во третиот квартал од 2021 година во однос на истиот период од претходната година, се зголемени од причина што набавките на стоки за репрезентација за во кујна не се константни по квартали, туку зависат од потребите на Друштвото во одреден период, како и да се земе во предвид дека во 2020 година вработените имаа рестрективен начин на работа согласно КОВИД мерките, односно сменска работа и работа од дома и сите настани, сиостаноци и активности се одвиваа по електронски пат;

- Конто 446 - Банкарски услуги и трошоци за платен промет

  Трошоци за банкарски услуги и трошоци за платен промет во земјата се остварени во вкупен износ од 215.205,00 денари односно трошоци за банкарски провизии на правни лица по основ на налози за исплата, платежни картички на правни лица и месечни банкарски провизии на деловните банки за водење на трансакциските сметки на НЕР АД Скопје, кои во однос на истиот период од претходната година се зголемени, со зголемување бројот на исплати и вредноста на секој налог, со оглед дека овие трошоци претставуваат процент од исплата;

- Конто 449 – Останати трошоци на работењето

  Останати трошоци на работењето на Друштвото се остварени во вкупен износ од 433.443,00 денари од кои за:

  - Сметководствени консултански услуги вкупно 30.000,00 денари;
  - Адвокатски и нотарски услуги вкупно 288.385,00 денари;
  - Авторски хонорари вкупно 50.262,00 денари;
  - Трошоци на извршители за наплата по предмет ВПП 39/19 вкупно 13.465,00 денари;
  - Останати трошоци на работењето вкупно 51.331,00 денари од кои за:

- надоместок за користење на услуги во Агенција за Катастар вкупно 4.061,00 денари;
- клучеви за поштенско сандаче вкупно 170,00 денари;
- годишен надоместок на Централен депозитар за хартии од вредност за водење на евиденција за хартии од вредност вкупно 43.068,00 денари;
- трошоци наплатени од сметката на НЕР АД Скопје од страна на Министерство за финансии по основ на налог за принудна наплата на долг во вкупен износ од 4.032,00 денари.

Вкупно реализираните останати трошоци на работењето во третиот квартал од 2021 година во однос на истиот период од претходната година се зголемени, со зголемување на обемот на работа активности во Друштвото, како и новонастанати ситуации кои ги зголемуваат предметните трошоци.

НЕР АД Скопје во понатамошниот период очекува зголемување на финансиските расходи (средства за оперативно работење) паралелно со зголемување на обемот на работа за реализација на проектите за изградба на магистралните гасоводи, согласно Финансискиот план за работа за 2021 година и Годишната инвестициона програма за 2021 година.

Во понатамошниот текст, во Табела 3 – Пресметани плати за период од 01.07.2021 година до 30.09.2021 година, се прикажани одделно трошоците за плати и надоместоци од плати на вработените во Друштвото во вкупен бруто износ од 3.608.509,00 денари, како и финансиските извештаи на Друштвото составени од Биланс на состојба и Биланс на успех за период од 01.01.2021 година до 30.09.2021 година.

Табела 3 - Пресметани плати за период од 01.07.2021 година до 30.09.2021 година

| ПРЕГЛЕД НА ПРИДОНЕСИ за исплата на плата на вработените за период од 07/2021 - 09/2021 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Работно место | Бруто | Вкупно придонеси | Персонален данок | Даночно олеснување | Нето |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Извршен директор | 367.443,00 | 102.885,00 | 23.925,00 | 25.314,00 | 240.633,00 |
| 2 | Раководител на сектор | 215.598,00 | 60.366,00 | 12.993,00 | 25.314,00 | 142.239,00 |
| 3 | Раководител на одделение за општи работи | 140.268,00 | 39.276,00 | 7.569,00 | 25.314,00 | 93.423,00 |
| 4 | Раководител на одделение за правни и нормативни и кадрови работи | 139.812,00 | 39.148,00 | 7.535,00 | 25.314,00 | 93.129,00 |
| 5 | Достава и логистика на терен | 100.926,00 | 28.260,00 | 4.734,00 | 25.314,00 | 67.932,00 |
| 6 | Раководител на сектор | 251.628,00 | 70.458,00 | 15.585,00 | 25.314,00 | 165.585,00 |
| 7 | Раководител на сектор | 222.564,00 | 62.316,00 | 13.494,00 | 25.314,00 | 146.754,00 |
| 8 | Хигиеничар и градинар | 68.783,00 | 19.260,00 | 2.421,00 | 25.314,00 | 47.102,00 |
| 9 | Електро инженер | 105.831,00 | 29.631,00 | 5.088,00 | 25.314,00 | 71.112,00 |
| 10 | Преведувач | 104.886,00 | 29.370,00 | 5.019,00 | 25.314,00 | 70.497,00 |
| 11 | Сметководител | 179.745,00 | 50.328,00 | 10.411,00 | 25.314,00 | 119.006,00 |
| 12 | Раководител на одделение за надзор над изградбата | 169.021,00 | 47.325,00 | 9.638,00 | 25.314,00 | 112.058,00 |
| 13 | Советник за правни и нормативни работи | 139.579,00 | 39.081,00 | 7.519,00 | 25.314,00 | 92.979,00 |
| 14 | Службеник за општи работи | 74.808,00 | 20.945,00 | 2.854,00 | 25.314,00 | 51.009,00 |
| 15 | Машински инженер | 138.222,00 | 38.702,00 | 7.421,00 | 25.314,00 | 92.099,00 |
| 16 | Службеник за архивирање и копирање | 80.775,00 | 22.617,00 | 3.285,00 | 25.314,00 | 54.873,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | Економист-комерцијалист | 134.586,00 | 37.683,00 | 7.158,00 | 25.314,00 | 89.745,00 |
| 18 | Правник | 108.157,00 | 30.286,00 | 5.255,00 | 25.314,00 | 72.616,00 |
| 19 | Раководител на одделение за изградба и соработка со меѓународни финансиски институции | 162.606,00 | 45.529,00 | 9.177,00 | 25.314,00 | 107.900,00 |
| 20 | Шеф на кабинет на Извршен директор | 179.357,00 | 50.218,00 | 10.383,00 | 25.314,00 | 118.756,00 |
| 21 | Советник за инвестиции | 162.840,00 | 45.594,00 | 9.194,00 | 25.314,00 | 108.052,00 |
| 22 | Советник за односи со јавноста | 109.036,00 | 30.530,00 | 5.320,00 | 25.314,00 | 73.186,00 |
| 23 | Раководител на одделение за Диспечерски центар | 134.802,00 | 37.746,00 | 7.173,00 | 25.314,00 | 89.883,00 |
| 24 | Економист | 117.236,00 | 32.825,00 | 5.910,00 | 25.314,00 | 78.501,00 |
| | **Вкупно** | **3.608.509,00** | **1.010.379,00** | **199.061,00** | **607.536,00** | **2.399.069,00** |

## Успешност во работењето

Финансискиот резултат за работењето на НЕР АД Скопје е искажан преку Билансот на успех, додека состојбата на средствата, обврските и капиталот се прикажани во Билансот на состојба со период од 01.01.2021 - 30.09.2021 година.

Согласно евидентираните податоци во финансиските извештаи во периодот од 01.07.2021 година до 30.09.2021 година Друштвото не остварува приходи од основната дејност – пренос на природен гас, а во однос на расходите од оперативно работење Друштвото оствари трошоци во вкупен износ од 5.232.516,00 денари.

Од причина што проектите за изградба на магистралните гасоводи се обемни и потребно е време за нивна реализација, Друштвото се уште нема создадено услови за остварување на приходи од својата основна дејност - пренос на природен гас.

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ
## за период од 01.01.2021 година до 30.09.2021 година

### БИЛАНС НА УСПЕХ

| | остварено за период **01.01.2021 - 30.09.2021** |
|---|---|
| **I. Приходи од работењето** | во денари |
| Приходи од продажба | 0,00 |
| Останати деловни приходи | 47.759,00 |
| **Вкупно приходи од работењето** | **47.759,00** |
| **II. Расходи од работењето** | |
| Потрошени мат. и ситен инве. | 700.987,00 |
| Трошоци за вработените | 11.126.489,00 |
| Амортизација | 801.764,00 |
| Трошоци за услуги | 1.942.153,00 |
| Останати трошоци | 1.609.521,00 |
| Останати расходи | 0,00 |
| **Вкупно расходи од работењето** | **16.180.914,00** |

| | |
|---|---|
| **Добивка/Загуба од деловните активности** | **(16.133.155,00)** |
| III. Финансиски приходи | 2.751,00 |
| IV. Финансиски расходи | 1.152.074,00 |
| **Нето финансиски приходи/расходи** | **(1.149.323,00)** |
| Добивка/Загуба од редовното работење | (17.282.478,00) |
| Добивка/Загуба пред оданочување | (17.282.478,00) |
| Добивка за деловната година | 0,00 |
| **Загуба за деловната годината** | **(17.282.478,00)** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| | остварено за период **01.01.2021- 30.09.2021** |
|---|---|
| **Средства** | |
| Нетековни средства | |
| Нематеријални средства | 50.132,00 |
| Материјални средства | 10.225.234.685,00 |
| Вкупно нетековни средства | 10.225.284.817,00 |
| Тековни средства | |
| Залихи (ситен инвентар) | 0,00 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | 63.588.610,00 |
| Побарувања од државата по основ на даноци | 1.305.518,00 |
| Побарувања од вработените | 0,00 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 313.944.733,00 |
| Вкупно тековни средства | 378.838.861,00 |
| **Вкупно средства** | **10.604.123.678,00** |
| **Капитал и обврски** | |
| Капитал и резерви | |
| Акционерски капитал | 653.362.942,00 |
| Загуба за деловната година | (17.282.478,00) |
| Пренесена загуба | 110.499.238,00 |
| Вкупно капитал и резерви | 525.581.226,00 |
| Нетековни обврски | |
| Обврска за долгорочен заем | 4.911.959.332,00 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 4.251.707.345,00 |
| Вкупно нетековни обврски | 9.163.666.677,00 |

| | |
|---|---|
| Тековни обврски | |
| Обврски кон добавувачи | 31.129.523,00 |
| Обврски за даноци, придонеси и други давачки | 438.113,00 |
| Обврски кон вработените | 841.586,00 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 3.434.582,00 |
| Краткорочен дел на долгорочен заем | 879.031.971,00 |
| Вкупно тековни обврски | 914.875.775,00 |
| **Вкупно капитал и обврски** | **10.604.123.678,00** |

Прилози:

- Листа на сите трансакции за период од 01.07.-31.07.2021 година
- Листа на сите трансакции за период од 01.08.-31.08.2021 година
- Листа на сите трансакции за период од 01.09.-30.09.2021 година

Изработиле:

Виолета Анѓелеска Спасова, дипл. економист

Оливера Костанчева, дипл. маш. инж.

Валентина Тасевска, дипл. правник

Љупка Јанкулоска, дипл.правник

НЕР АД Скопје
Одбор на директори
Претседател,
Александра Маројевиќ

НЕР АД Скопје
бул.Свети Климент Охридски бр.58 б
Скопје

ЛИСТА НА СИТЕ ТРАНСАКЦИИ ЗА ПЕРИОД
од 01.07.2021 година до 31.07.2021 година

| ОПИС | ДОКУМЕНТ | ДАТУМ | ДОЛЖИ | ПОБАРУВА | ДОЛЖИ ИЗНОС | ПОБАРУВА ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | пренос од м.06/2021 | | | | 0,00 | 2.338.029.787,00 |
| ИЗВОД 138 | патарина ЈПДП | 7/1/2021 | 101101 | | 40,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | патарина ЈПДП | 7/1/2021 | 101101 | | 40,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | патарина ЈПДП | 7/1/2021 | 101101 | | 40,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | патарина ЈПДП | 7/1/2021 | 101101 | | 40,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | провизија | 7/1/2021 | 446000 | | 80,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | с-ка БП АМСМ | 7/1/2021 | 101101 | | 420,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | провизија | 7/1/2021 | 446000 | | 800,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | плата 06/2021 | 7/1/2021 | 234000 | | 65.394,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | надомест 06/2021 | 7/1/2021 | 235012 | | 1.000,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | надомест 06/2021 | 7/1/2021 | 235012 | | 1.111,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | надомест 06/2021 | 7/1/2021 | 234300 | | 5.949,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | надомест 06/2021 | 7/1/2021 | 442100 | | 9.000,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | надомест 06/2021 | 7/1/2021 | 442100 | | 10.000,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | плата 06/2021 | 7/1/2021 | 234400 | | 14.275,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | плата 06/2021 | 7/1/2021 | 234200 | | 89.215,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | плата 06/2021 | 7/1/2021 | 234100 | | 223.631,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 138 | плата 06/2021 | 7/1/2021 | 240000 | | 789.060,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 16 | провизија | 7/1/2021 | 446000 | | 37,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 16 | провизија | 7/1/2021 | 446000 | | 20,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 139 | патарина ЈПДП | 7/2/2021 | 101101 | | 40,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 139 | патарина ЈПДП | 7/2/2021 | 101101 | | 40,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 139 | патарина ЈПДП | 7/2/2021 | 101101 | | 40,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 139 | патарина ЈПДП | 7/2/2021 | 101101 | | 40,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 139 | с-ка БС Желино | 7/2/2021 | 101101 | | 138,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 139 | достасани обврски | 7/2/2021 | 446000 | | 3.511,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 140 | патарина ЈПДП | 7/3/2021 | 101101 | | 40,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 140 | патарина ЈПДП | 7/3/2021 | 101101 | | 40,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 140 | патарина ЈПДП | 7/3/2021 | 101101 | | 40,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 140 | патарина ЈПДП | 7/3/2021 | 101101 | | 40,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 140 | патарина ЈПДП | 7/3/2021 | 101101 | | 40,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 140 | патарина ЈПДП | 7/3/2021 | 101101 | | 40,00 | 0,00 |
| ИЗВ.141 1279431; | 1608233;932539;19774 | 7/5/2021 | 241000 | | 160,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 м.06/2021 | полиса 080000026887 | 7/5/2021 | 240000 | | 2.000,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | СТР-08/2021 | 7/5/2021 | 241100 | | 3.462,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | СТР-09/2021 | 7/5/2021 | 241100 | | 3.462,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | СТР-07;12/2021 | 7/5/2021 | 241100 | | 7.226,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | 25-243/21 | 7/5/2021 | 259001 | | 11.795,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | СТР-06;10;11/2021 | 7/5/2021 | 241100 | | 14.537,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | 25-91/4-5;25-92/4-5 | 7/5/2021 | 259000 | | 26.447,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | 25-84/2021 | 7/5/2021 | 259001 | | 27.580,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | 25-41 | 7/5/2021 | 259001 | | 34.100,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | 25-41 | 7/5/2021 | 259001 | | 34.100,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | 25-79/2021 | 7/5/2021 | 259001 | | 52.725,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | 25-21/18 | 7/5/2021 | 259001 | | 113.887,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | 25-21/18 | 7/5/2021 | 259001 | | 113.887,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | 25-30 | 7/5/2021 | 259001 | | 136.125,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | 25-21/18 | 7/5/2021 | 259001 | | 227.774,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | 25-26/2021 | 7/5/2021 | 259001 | | 105.875,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | 25-27/2021 | 7/5/2021 | 259001 | | 81.000,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | 25-28/2021 | 7/5/2021 | 259001 | | 47.025,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 141 | 25-29/2021 | 7/5/2021 | 259001 | | 57.750,00 | 0,00 |

| ОПИС | ДОКУМЕНТ | ДАТУМ | ДОЛЖИ | ПОБАРУВА | ДОЛЖИ ИЗНОС | ПОБАРУВА ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ИЗВОД 27 | 05-2084/1 | 7/5/2021 | | 286000 | 0,00 | 1.416.200,00 |
| ИЗВОД 27 | 05-2086/1 | 7/5/2021 | | 286000 | 0,00 | 7.713.512,00 |
| ИЗВОД 27 | 05-2085/1 | 7/5/2021 | | 286000 | 0,00 | 12.762.775,00 |
| ИЗВОД 142 | патарина ЈПДП | 7/6/2021 | 101101 | | 30,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 142 | патарина ЈПДП | 7/6/2021 | 101101 | | 30,00 | 0,00 |
| ИЗВОД 142 | патарина ЈПДП | 7/6/2021 | 101101 | | 30,00 | 0,00 |
